**До**
**Владата на Република Македонија**
**- Кабинет на претседателот на Владата**
**С к о п ј е**

Предмет: Информација

До Народниот правобранител се поднесени претставки од граѓани, во кои се наведува дека за наплата на сметките кон јавните претпријатија им се јавуваат лица од агенции со кои тие немаат никакви меѓусебни права и обврски, поради што сметаат дека им се повредува правото на заштита на личните податоци, од причина што јавните претпријатија без нивна согласност и без нивно запознавање и информирање ги даваат личните податоци на граѓаните на други лица.

Од наводите и доказите во претставките Народниот правобранител увврди дека за наплата на долг кон јавните претпријатија, па и во случаи кога за тој долг е покрената судска постапка, одредени трговски друштва овластени од јавните претпријатија со склучени меѓусебни договори, за наплата на побарувањата од корисниците на услугите доставуваат писмени барања и опомени до граѓаните, при што некои од овие трговски друштва, како на пр. „Кредит експрес- Македонија„ која покрај што бара наплата на главниот долг со камата бара наплата и на административни трошоци, со што всушност се воведуваат дополнителни давачки за граѓаните и се врши присила за плаќање на долгот. Исто така, во писмените обраќања што овие трговски друштва ги упатуваат до граѓаните - потрошувачи се наведува дека за наплата на долгот **може лично да ги посетат** и телефонски да интервенираат, поради што се поставува прашањето дали со тоа не се повредува уставното право на сигурност и тајност на личните податоци на граѓаните и уставното право на почитување и заштита на приватноста на граѓанинот и на неговиот личен и семеен живот на достоинството и угледот, како и неповредливоста на домот надвор од случаите предвидени со Уставот.

Во врска со ваквиот начин на наплата на долговите од грѓаните потрошувачи Народниот правобранител обраќајќи се до надлежните органи, ги постави следните прашања :

- Дали правните субјекти, кои согласно дејноста што ја вршат собираат и располгаат со лични податоци на граѓаните, имаат законско право тие податоци да ги даваат на други лица без инфромирање и согласност од субјектот на личните податоци и дали во конкретниот случај се постапува согласно

уставната гаранција за сигурност и тајност на личните податоци, согласно Законот за заштита на личните податоци и согласно забраната предвидена во член 6 став 5 од Законот за заштита на потрошувачите, според која трговецот не смее да ги дава личните податоци на потрошувачот на трети лица без претходно писмено одобрение од потрошувачот, а доколку ги даде спрема него може да се преземат прекршочни санкции.

- Дали со тоа што некои од трговските друштва што ја вршат наплата ги известуваат странките дека за наплата на долгот **може лично да ги посетат**, не се повредува уставното право на сигурност и тајност на личните податоци на граѓаните и уставното право на почитување и заштита на приватноста на граѓанинот и на неговиот личен и семеен живот на достоинството и угледот, како и неповредливоста на домот.

- Дали овие трговски друштва или агенции имаат законски основ од граѓаните како потрошувачи да наплатуваат одредени административни трошоци, покрај главниот долг и каматата што граѓаните го имаат кон јавното претпријатие.

Според одговорите на јавните претпријатија тие имаат склучено договори со наведените трговски друштва кои биле регистрирани за ваква дејност и дека со овие друштва е договорено сите информации и податоци што ќе бидат разменувани ќе се сметаат за доверливи и ќе бидат забранети за соопштување или правење достапни за трети лица, што според нив било во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Исто така, во дел од одговорите на јавните претпријатија се наведува дека ваквиот начин на наплата на долговите од граѓаните е избран како најефикасен и дека овие трговски друштва не вршеле присилна наплата. Во врска со прашањето за наплатата на административните трошоци се наведува дека тоа било регулирано со договорот склучен меѓу јавното претпријатие и трговското друштво.

Според мислењата на Советот на потрошувачи и Министерството за економија давањето лични податоци на трети лица без согласност на потрошувачите не е во согласност со уставно гарантираното право на тајност и сигурност на личните податоци, со Законот за заштита на потрошувачите и со Законот за заштита на личните податоци. Исто така, според ставот на овие институции спорна е и незаконита наплатата на административните трошоци од граѓаните, а со заканата од страна на овие трговски друштва дека за наплата на долгот можат и лично да ги посетат граѓаните во домот и со постојаните телефонски јавувања, се нарушува приватноста на граѓанинот и неговиот личен и семеен живот и се повредува уставното начело на неповредливост на домот.

Според Дирекцијата за заштита на личните податоци, јавните претпријатија како контролори на збирка на личните податоци за сметките на граѓаните кои склучиле договор со наведените агенции, согласно одредбите на Законот за заштита на личните податоци како контролори можат да пренесат работи од нивниот делокруг поврзани со обработката на податоците на еден или повеќе обработувачи на збирка на лични податоци. При тоа контролорот нема обврска да бара согласност од субјектите на личните податоци (граѓаните) ниту да ги известува. Меѓутоа, Дирекцијата смета дека би била добра практика јавните претпријатија да ги известуваат граѓаните со јавно соопштение дека нивните лични податоци се обработуваат од страна на друштва што вршат наплата на долгот. Исто така, според Дирекцијата трговските друштва што ја вршат наплатата се третираат како обработувачи на податоците и се должни да ги применуваат одредбите од Законот за за заштита на личните податоци.

Во поглед на ваквиот став на Дирекцијата за заштита на личните податоци Народниот правобранител укажа дека согласно член 6 од Законот за заштита на личните податоци и обработката на личните податоци може да се врши само по претходно добиена согласност од субјектот на кој се однесуваат личните податоци, а без негова согласност може да се обработуваат само на барање од субјектот или ако субјектот на личните податоци е договорна страна. Имајќи го предвид фактот што во конкретниот случај за користењето на производите и услугите на јавните претпријатија граѓаните склучуваат договор со јавните претпријатија и не се договорна страна со трговските друштва што ја вршат наплатата, ниту пак во договорот склучен со јавните претпријатија дале согласност за давање на нивните лични податоци на други субјекти со кои немаат склучено никаков договор, Народниот правобранител го постави прашањето дали во конкретниот случај може да стане збор за примена на член 25 од Законот за заштита на личните податоци на кој се повикува Дирекцијата.

И покрај претходно наведените ставови на наведените органи тие како ненадлежни да преземат мерки спрема наведените трговски друштва кои се регистрирани за вршење ваква дејност, останаа само на нивните констатации, а Народниот правобранител исто така нема овластување да презема мерки спрема трговските друштва, односно агенциите што ја вршат наплатата, затоа што не спаѓаат во органи и организации спрема кои Народниот правобранител е надлежен да постапува.

Меѓутоа, со оглед на тоа што со конкретното постапување на наведените друштва на одреден начин може да дојде до повреда на претходно наведените права на граѓаните, а особено и поради фактот што дел овие друштва воведуваат и посебни административни давачки за граѓаните за што нема законски основ, Народниот правобранител цени за потребно да ја запознае Владата на Република Македонија заради пошироко разгледување на наведеното прашање и евентуално преземање на конкретни мерки, пред се заради обезбедување услови за почитување и заштита на правата на граѓаните и спречување на можностите за евентуална повреда на правата на граѓаните од кој било субјект во Републиката.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Иџет Мемети**